Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-693/12
Прилеп, 28.05 2025 год.

Врз основа на членовите 417, 418 и 419 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 214, 215 и 216 од Статутот на Друштвото (со арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), по предлог на Одборот на директори, Собранието на акционери на ПИ “Витаминка” АД - Прилеп, на седницата одржана на 28.05.2025 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Статутот на ПИ ”Витаминка” АД-Прилеп (Пречистен текст) со арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст**

Член 1

Во член 45 после ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи: „Покрај директорите на секторите, за оперативна контрола над нивната работа, но и контрола во спроведувањето на различните активности во друштвото, на идентичен начин се именува и Помошник оперативен директор.“
Ставот 4 станува став 5.

Член 2

Во членот 62 став 4 се додава нова реченица која гласи: „Член на оперативниот тим на друштвото е и Помошникот оперативен директор.“

Член 3

Во член 74 став 1 после зборовите „раководител на сектор“ се додаваат зборовите: или помошник оперативен директор“.

Член 4

Во член 91 став 1 точки 11 и 12 зборовите: „раководењето со секторите“ се заменуваат со зборовите: „делегираните надлежности“.

Член 5

Се овластува Одборот на директори да изготви пречистен текст на Статутот на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно одредбите од Статутот на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп, особено неговиот член 62, во друштвото се формира, со одлука на Одборот на директори, Оперативен тим со делегирани права и обврски од Генералниот извршен директор. Со оглед на фактот што динамиката на работењето налага воведување нова функција олицетворена во лице со пошироки менаџерски овластувања во делот на оперативното водење на работите во друштвото, следуваше да биде интервенирано во највиоскиот акт на друштвото.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________

„ВИТАМИНКА“ ПРИЛЕП